Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Струмица.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

– Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со поставувањето на подземен кабелски вод, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативните влијанија се следните:

- Поставувањето на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Со поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на поставување (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале во текот на поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој

простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.

- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на поставување, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за поставување подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КП 392, КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица на КП 3992, КО Сушица, Општина Ново Село. Вкупната должина на трасата е 3,98 km. Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање изнесува 2,37 km. Останатиот дел од трасата поминува низ издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Сушица, Општина Ново Село, со тех.бр. Y25215. Трасата се граничи со издадени Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Секирник, Општина Босилово, со тех.бр. Y32522.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

Економски основи на просторниот развој

- **Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето на електро-енергетската инфраструктура влијае врз развојот и разместеноста на производните и услужни дејности.**
- **Поставувањето на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје.**
- Согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија, идниот развој и разместеноста на производните и услужни дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски**

земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Трасата на подземениот кабелски вод минува преку времен водотек. При изработката на документацијата за водот, да се предвидат мерки со кои ќе обезбеди заштита на просторот при појава на големи води.
- За наводнување на обработливите површини во ВП „Струмичко Радовишко" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 18.432 ha, а се предвидува проширување за нови 8.300 ha. При изработката на документацијата да се утврди местоположба на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нивна заштита и непречено функционирање согласно законската регулатива.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата **за поставување подземен кабелски вод 10(20) kV, КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село,** нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- За електроенергетските корисници потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**
- Поставувањето на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија.

Домување

- **Иницијативата за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село,** е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р.

Северна Македонија, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.**

Јавни функции

- Иницијативата **за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село**, е надвор од урбаниот опфат на населбите, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со планскиот и организиран начин на ширење на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- **Поставувањето на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
  А4 (М-6) - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).
- При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во

согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно

наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарските општини Секирник и Сушица има евидентирани недвижни споменииици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Струмичко-Радовишки туристички регион со утврдени 4 туристички зони и 12 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата која е наменета за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за поставување на подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КО Секирник, Општина Босилово до трафостаница Сушица, КО Сушица, Општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ


АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ИЗВОДИ ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ИЛИ ОДОБРЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА СО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ (ВО РАДИУС ОД 100 М)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА НОВО СЕЛО

Број: 10-2318 /2 од 22.09.2023год.

- Одделение за урбанизам,градење и заштита на животната средина-

ИЗВОД ОД ПЛАН Број.10-2318 /2 од 22.09.2023 год.
Општ Акт за с.Сушица
Одлука бр.. 07-1096/1 од 31.10.2002год.
Намена на градба:
По барање на:ФОТОВОЛТ МЕ ДООЕЛ СТРУМИЦА

Од Струмица

К.О Сушица **ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО Сушица**

ДЛ: **М=1:**

ИЗВОДОТ ЗА цел опфат

ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО-АРХИТЕКТОНСКИ ПОДАТОЦИ

- Намена на градбата
  Намсна
- Површина за градба

  Површина на парцела

  Развиена површина
- Макс.височина до венец

  Катност
- Сообраќајни услови(број на паркинг места)
- Други услови

Изготвил:
геод.тех.Р.Ристов

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ГРАДОНАЧАЛНИК

Горѓе Божинов

СИНТЕЗЕН ПЛАН НА НАСЕЛЕНОТО МЕСТО

НАМЕНА И БИЛАНС НА ПОВРШИНИ

ОЗНАКА	НАМЕНА НА ЗОНИ	Ха	%
	ГРАНИЦА НА УРБ. ПОДРАЧЈЕ	101.30	100.0
	ГРАНИЦА НА ПОСТОЈНО УРБ. ПОДРАЧЈЕ	73.40	/
ОК	СЕМЕЈНИ КУЌИ	89.10	87.95
КЗ	КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ Христијанско гробиште	1.38	1.36
Ц	ЦРКВА	0.02	0.05
Ц	ЏАМИЈА	0.05	0.05
НЦ	НАСЕЛСКИ ЦЕНТАР	0.40	0.40
СТО	СТОПАНСТВО	0.77	0.76
ОЗ	ОБРАЗОВАНИЕ	0.55	0.54
ЗЗ	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	0.60	0.60
СТ	СПОРТСКИ ТЕРЕНИ	1.64	1.61
	УЛИЧНА МРЕЖА	6.04	5.95
	СУВОДОЛИЦА	0.75	0.74


ПЛАН. ПЕРИОД	БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	БРОЈ НА ДОМАКИНСТВА	БРОЈ НА СТАНОВИ	ГУСТИНА Ж / ХА
2012	2043	510	510	20.2

Постоечка дистрибутивна трафостаница


Новопредвидена дистрибутивна трафостаница

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ


2.СЕРВИСНА УЛИЦА ПРОФИЛ А-А



3.СТАНБЕНА УЛИЦА ПРОФИЛ Б-Б



РЕГУЛАЦИЈА НА СУВОДОЛИЦА



Градежни линии
-инд.станбени згради од 0-5м
-општествени објекти од 0-10м
-стопански објекти од 5-15м
Регулациони линии

кон Н.М. Штука

кон Н.М. Секирник
с. СУШИЦА

кон Н.М. Секирник

кон поле

кон поле

кон поле

с. СУШИЦА

БОЗЕНИК


ОБРОК

кон магистрала М-6

ОПШТ АКТ ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО

СУШИЦА

- ОПШТИНА НОВО СЕЛО-



СИНТЕЗЕН ПЛАН

НАМЕНА И БИЛАНС НА ПОВРШИНИ М=1:2500

	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ REPUBLIC OF MACEDONIA PUBLIC ENTERPRISE FOR PHYSICAL AND URBAN PLANS		
	"УРБАН" ДОО ШТИП		
ПЛАН:	ОПШТ АКТ ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО СУШИЦА		
ПРИЛОГ:	СИНТЕЗЕН ПЛАН НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	РАЗМЕР 1 : 2500	ТЕХ. БР. 45/02
УПРАВИТЕЛ Илија Шалев раб.и моп.кул.	ПЛАНЕР: Петре Лекоски раб.и моп.кул.	ИНФРАСТРУКТУРА Петре Лекоски раб.и моп.кул.	ДАТА: Август 2002	ПРИЛОГ бр. 02

ОПШТ АКТ
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО

СУШИЦА

ОПШТИНА НОВО СЕЛО

АВГУСТ 2002

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

REPUBLIC OF MACEDONIA
PUBLIC ENTERPRISE FOR PHYSICAL AND URBAN PLANS

ОПШТ АКТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО **СУШИЦА**

ОПШТИНА НОВО СЕЛО

НАРАЧАТЕЛ:

Општина Ново Село

ИЗРАБОТУВАЧ:

Друштво за просторни и урбанистички планови, инжењеринг и др. " УРБАН " ДОО - Штип

УПРАВИТЕЛ:

Шалев Илија дипл.инж.арх.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
REPUBLIC OF MACEDONIA
PUBLIC ENTERPRISE FOR PHYSICAL AND URBAN PLANS

ИЗРАБОТУВАЧ :

Друштво за просторни и урбанистички планови, инжењеринг и др. "УРБАН " ДОО ШТИП

РАБОТЕН ТИМ:

Петре Левков дипл.инж.арх.
Владанка Бочварска дипл. инж. арх.
Шалев Илија дипл. инж. арх.
Иванова Васа арх. тех.

1 ОРГАНИЗАЦИЈА НА АТАРОТ НА НАСЕЛЕНО МЕСТО СУШИЦА - СОСТОЈБА И ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

1.1 ПОЛОЖБА ВО ПРОСТОРОТ И ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Населеното место Сушица е лоцирано во северо-западниот дел од општина Ново Село, во средното сливно подрачје на реката Струмица, од нејзината лева страна. Населеното место е лоцирано на рамничарски терен со надморска висина од 250 метри.

Вкупната површина на атарот на населеното место изнесува 2378,0 ха. Структурата на земјиштето е следната: на пасишта припаѓаат 961,9 ха, на обработливо земјиште припаѓаат 1015,2 ха, на шуми отпаѓа минимален дел од 258,5 ха, на лозја отпаѓаат 33.2 ха, на мочуришта 1,1 ха, како и на овоштарници 0,6 ха, а останатото е необработливо земјиште . Бонитетот на земјиштето е од II, III, IV и V класа.

1.2 СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ

Населеното место Сушица е поврзано преку локален пат во должина од 2.5 км со магистралниот пат М-6, а преку него со целокупната примарна мрежа на Републиката.

2 ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНО МЕСТО - ПОСТОЈНА СОСТОЈБА И ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

2.1 ГРАНИЦА НА УРБАНО ПОДРАЧЈЕ И ПОВРШИНА

Граница со која е опфатено севкупното градежно земјиште ангажирано за изградба на објектите, е донесено со одлука на општината бр. 10-26/10 од 09-02-1987год. и истото опфаќа 73,40ха.

Со овој документ ќе биде дадена нова предложена граница на урбаното подрачје према потребите за развој на населбата.

На север: Границата се движи по северните граници на К.П. 227; 223; 222; 219; 218; 161; 163; 153 ; ја сече суводолицата со К.П. 5573; продолжува делумно по К.П.149, па продолжува по К.П. 151; 150; ја сече суводолицата со К.П. 5574; продолжува по К.П. 133; 132; 124; 123; 122; 125; 127; 126; ја сече К.П. 117; па продолжува по северната граница на К.П. 113; го сече патот со К.П. 5590; продолжува по К.П. 111; 112; ја сече суводолицата со К.П. 786; завршува со К.П. 869 и по западната граница на атарскиот пат со К.П.844 и го сече истиот.

На исток: Границата се движи по источните граници на К.П. 860; 859; 858; 857; 853; 855; па по источната граница на атарскиот пат со К.П. 844, го сече патот со К.П. 5585 се спушта по источна страна на патот со К.П. 5588, продолжува делумно по јужната страна на патот со К.П. 3167, го сече истиот и продолжува по источните страни на К.П. 3125; 3123; 3122;, го сече атарскиот пат со К.П. 3110, па продолжува по источната страна на К.П. 3144; 3145/1; 3148; 3149 , го сече атарскиот пат со К.П. 5607.

На југ: Границата се движи по јужнита страна на К.П.: 3391; 3393; 3394/2; 3394/1; 3399; 3400; 3401; 3402; 3405; се спушта по источната страна на К.П. 3986, па оди кон запад и ја сече истата , како и атарскиот пат 5591; се до К.П. 3702 каде продолжува по нејзината јужна старна, и го сече атарскиот пат со К.П. 3691.

На запад и југо запад: Границата се движи по западните граници на К.П. 3684; 3683; 3686; 3687; 3688; 3689; 3690; 3445; 3444; 3443; 3441; 3438; 3437; 3435; 3430; го сече атарскиот пат со К.П. 5606 и продолжува по јужните граници на К.П. 3007; 2998; 2997; 2995; 2969; 2970; 2971; го сече атарскиот пат со К.П. 5593 и продолжува по јужната граница на К.П. 2963; 2964; 1097; 1101 го сече атарскиот пат со К.П. 5594 и продолжува по северозападните граници на К.П. 583; 584; 587; 1089; делумно по северната граница од К.П. 592, па продолжува по западната граница на К.П. 589; го сече атарскиот пат со К.П. 605 и продолжува по јужните и западните граници на К.П. 613; 614; 617; го сече атарскиот пат со К.П. 618 и продолжува по западните граници на К.П. 619/2; 620; 621 ; 412; 413; 414; 389; го сече атарскиот пат со К.П. 5586 и продолжува по западната граница на К.П. 226 и завршува во почетната точка на север во 227 .

Планираното зголемување на површината за преложена изградба на нови супраструктурни и инфраструктурни објекти ќе влијае врз промената на границата на урбаното подрачје и зголемување на вкупната ангажирана површина за **27,90 ха**, или вкупната површина што се ангажира за идните развојни потреби на населеното место Сушица ќе изнесува **101,30 ха**.

2.2 НАСЕЛЕНИЕ

Според пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделски стопанства во Република Македонија во 1994 год. и според административно-територијалната поделба од 1994 год., во населбата Сушица живееле 1813 жители како резултат на порастот на вкупното население во подолг период.

Пораст на вкупното население

Години	1961	1971	1981	1991	1994	сопствена анкета(2002г)
Број на жители	1659	1845	1941	1953	1813	1941
Број на домаќинства	-	-	368	420	396	472

Со помош на законитостите на демографскиот развој и утврдените тенденции и интензитетот на досегашните движења, можат да се утврдат елементите за креирањето на политика на развојот. Тоа се однесува на регулирањето на демографските текови, на процесот на уредување на просторот, подигање на општообразовно и културно ниво на населението, подобрување на демографско-економските белези (активност) и др.

Овие цели треба да се вградат во политиката на демографскиот развој кои, заедно со комплементарните цели на стопанскиот и просторниот развој ќе се реализираат како определена стратегија. Во тој контекст се третираат и основните агрегати и структури на населението во овој плански документ. Согласно наведените цели и услови, дефинирани се клучните постулати при определувањето на предметните демографски структури и нивните промени. Имено, се претпоставува натамошен пораст на бројот на жители, подобрување на општостопанско ниво и други услови на општествениот и личниот стандард, подигнување на културно-образовното ниво на населението и др.

Прогноза на населението и соодветните структури е извршена врз основа на пописните податоци од статистички следења на демографските елементи (природен прираст, механички прираст, како и други миграциони движења), стопанскиот развој на населеното место и значењето на населбата во општината и пошироко. Према ГУП на Ново Село (1996год.) усвоен е показателот од 1% годишно природен прираст за малите населени места. За Сушица тоа би значело 9.07 жители/годишно. Бидејќи овој документ нема законски ограничен временски период на траење (период на важност на планот), пресметувањата ќе бидат изработувани за период од 10год. Исто така се предвидува и механички прилив на население просечно по две семејства годишно (2 х 4члена х 10 години) , што изнесува 40 жители. На овој начин на пресметување при планирањето на населението се доаѓа до бројка од 2043 жители во населеното место Сушица до 2012г.

2.3 СОДРЖИНА НА ФУНКЦИИ И СТРУКТУРА НА АНГАЖИРАНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Населеното место Сушица, покрај домувањето располага со одредени функционални содржина од доменот на стопанството и јавните функции. Од јавни функции постојат : основно училиште и згрижување на деца од предшколска возраст (забавиште), амбуланта , пошта, црква, фудбалско игралиште и сл. Од стопанските дејности има земјоделска задруга која не фукционира , како и повеќе продавници .

Планирано е внесување на нови содржини како и проширување на постојните функции од доменот на: стопанство, култура, спорт, администрација и јавни функции.

2.3.1 Станбен фонд

Населеното место Сушица према сопствената анкета од јули 2002 год располага со вкупно 476 станбени објекти, во кои живеат 472 домаќинства. Квалитативната структура на станбениот фонд е солидна, но делумно и во руинирана состојба. Градежниот фонд се состои од објекти од тврд и мешовит материјал. Секој станбен објект е од тврд материјал и има свој двор кој најчесто е пропратен со помошни објекти (штали, гаражи, шупи, малостопанство) кои се од мешовит материјал. Карактеристично за ова населено место се големи површини на дворните места (1000- 3000м^2).

Години	1971	1981	1991	1994	сопствена анкета (2002год.)
Број на станови	-	401	455	421	476

Планот предвидува натамошно зголемување на бројот на станови на 510 за планскиот период до 2012г, што произлегува од порастот на населението.

2.3.2 Општествен стандард и јавни функции

Населеното место Сушица располага со следната содржина на јавни функции: земјоделска задруга, дом на културата, амбуланта, трговски дуќани, сакрални објекти, и организиран водовод со резерваоар надвор од градежниот реон. Планирана е следна содржина : локална администрација во

ангажираната површина за населски центар со комерцијално услужни функции (угостителство, трговија, занаетчиство, и др.).

Во населеното место егзистира основно училиште со забавишна група , во кое учат 101 ученик , а 34 се во забавишна група.

2.3.3 Стопанство

Во самата структура на населеното место е и локацијата на задругата која не работи. Производни погони, работилници, сервиси во населеното место нема. При планирањето се дава можност за работа на одредени дејности (кои не загадуваат и не создаваат бука) во склоп (приземните делови) на семејните куќи.

2.3.4 Инфраструктура

Постојната сообраќајна мрежа претставува основа врз која се надоградуваат нови сообраќајници и прилагодување на постојните согласно просторниот развој на населбата. Мрежата на примарните сообраќајници ќе обезбеди непречено поврзување на стариот и новиот дел на населбата и ќе обезбеди кружно движење на сообраќајот. Најмала ширина на коловозот, согласно прописите, изнесува 5,5 м а, за примарните сообраќајници не би требало да биде помала од 6,0 м.

-сервисна улица 2х 3.00м и тротоари по 1.5м од двете страни

-станбена улица 2х 2.75м и тротоари по 1.5м од двете страни

Но ако условите не дозволуваат, тротоарите на дел од улиците можат да бидат и едностарно.

Водотеците во овој плански документ, се предвидуваат да се канализираат , со што би се регулирале водените течанија. Истите се отвотени, но на одредени места неминовно е истите да се покријат .

Во планскиот период потрбно е да се реши системот на отпадни води со проектирање на канализациона мрежа.

Во Сушица има две трафостаници кои делумно ги задоволуваат потребите на населението. Во планскиот докумет се планира уште една трафостаница за подобрување на севкупниот начин на живеење во населбата. Исто е и со телефонскиот и поштенски сообраќај.

2.3.5 Биланси показатели

	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	П/ ха	%
1	Домување	89,10	87.96
2	Општествен стандард	0,95	0.94
3	Стопанство	0,77	0.76
4	Духонва култура	1,45	1.43
5	Спорт и рекреација	1,64	1.62
6	Сообраќајни објекти	6,04	5.96
7	Водени површини	0,75	0.74
8	Зелени површини	0,60	0.59
	ВКУПНО:	101,30	100%

ОПШТ АКТ

Предлог одлука од Советот на општина Ново Село за начин на изградба во населено место СУШИЦА-Општина Ново Село

Член 1

Со Општ акт се утврдува начинот на изградба на објекти во населеното место Сушица (во натамошен текст населено место), во општина Ново Село. Истиот е изработен врз основа на Законот за просторно и урбанистичко палнирање (Сл.весник на Р.М. бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/2001 и 45/2002), како и Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на Р.М. 2/2002) и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и постапка за донесување на урбанистичките планови (Сл. весник 2/2002).

Член 2

Општиот акт ги содржи следните графички прилози:

- Организација и намена на земјиштето во атарот на населеното место согласно податоците содржани во графичкиот прилог - **ПЛАН НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА АТАРОТ (Прилог 1)**, во мерило 1: 25.000. Графичкиот прилог кој е составен дел на Општиот акт, не се објавува, а се чува во надлежната подрачна единица при Министерството за транспорт и врски на Р.Македонија.

- Подрачје за изградба на објекти во населеното место, согласно податоците содржани во графичкиот прилог - **ПЛАН НА НАМЕНА НА ПОВРШИНИТЕ (Прилог 2, е постојната и планирана состојба во нас. место)**, во мерило 1: 2500. Графичкиот прилог, со кој се дефинира намената на површините за развој на основните функции и основната сообраќајна мрежа во населеното место, е составен дел на Општиот акт и не се објавува, а се чува и реализира во надлежната подрачна единица на Министерството за транспорт и врски на РМ.

Член 3

ПЛАНОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА АТАРОТ се однесува на уредување на територијата со вкупна површина **2378,0 ха** во границите на атарот на населеното место со следна намена: неплодно земјиште - населено место, шумско земјиште, пасишта, сообраќајници, речни текови и помали површини на неплодно земјиште, мочуришта, овоштарници и др..

Со **ПЛАНОТ НА НАМЕНА НА ПОВРШИНИТЕ** дефинирана е границата на идниот просторен развој на населеното место. Површината во границата на планираното урбано подрачје изнесува **101,30 ха** и е наменета за: домување, општествен стандард, јавни функции, спорт и рекреација, стопанство, духовна култура, сообраќајни површини, регулирани речни корита.

Член 4

Изградбата на објекти во рамките на границата на идниот просторен развој на населеното место и во рамките на границата на атарот се врши согласно параметрите на овој Општ акт, а врз основа на претходно изработен Урбанистички проект за конкретен локалитет и по добиените согласности за посебни услови од надлежните органи и мислење од Одделение за урбанизам, уредување на градежното земјиште, комунална инфраструктура и заштита на животната средина на општината. Проектот се заверува во надлежната

подрачната единица при Министерството за транспорт и врски. Согласно Урбанистичкиот проект, се издава Одобрение за градба.

Член 5

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;

- заштита и спасување од свлекување на земјиштето
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

5.10 Урбанистичко-технички мерки

5.10.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. весник на РСМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

При проектирањето на новопланираните објекти, во наведената документација да биде решена и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,0 м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, би изнесувал од 10 до 15мин.

Според Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РСМ бр. 32/2011) обезбедено е непречено движење на ПП возило доколку се појави потреба од истото.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на

хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник ф 100 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од ф100 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку ф 100 мм. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

5.10.2 Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на граница помеѓу 7 и 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила односно нема можност за создавање на тесни грла на сообраќајниците и во зоните на тотални урнатини. Заштитата од урнатини ќе се обезбеди со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои ќе се градат со помала количина на градежни материјали со релативно помали тежини.

5.10.3 Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

5.10.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

5.10.5 Спасување од сообраќајни несреќи

Стационарниот сообраќај е решен согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската клиника, која за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 30 до 40 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица.

5.11 Хуманитарни мерки се:

5.11.1 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контрола

-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје

-лабараториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

5.11.2 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

5.11.3 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање , изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

5.11.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 20 до 30 мин.

5.11.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

5.11.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

5.11.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопан- ството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ке се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.

Врз основа на Законот за заштита и спасување Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски

гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и

3) при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
- обезбедување на противпожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и
- изградба на потребната инфраструктура.

5.11.8 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на основен проект доколку заради конфигурацијата на теренот е можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Исто така при проектирање на објектите, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РМ бр. 32/11).

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите од горенаведената, тогаш треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50 м а оптималната должина треба да е 1,80 м.

5.12 Мерки за заштита на природното наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на оваа проектна документација, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при разработка на урбанистичкиот проект или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно член 65 од Законот за заштита на природата.

5.13 Мерки за справување со климатските промени

Климатски промени претставуваат долготрајни промени на временските услови следени во подолг период. Глобалното затоплување всушност ја означува најзабележителната промена на климата, односно порастот на просечната температура на воздухот, која на глобално ниво се зголемила за 0.89°C во периодот од 1901 до 2012 год. Порастот на просечната температура е предизвикан од зголеменото количество на стаклени гасови кои го апсорбираат топлинското инфрацрвено зрачење од земјата и го задржуваат во атмосферата, т.н ефект на стаклена градина. Проблемот настанува кога концентрацијата на стаклениците гасови (водена пареа, јаглерод диоксид, озон, метан, диазот оксид и други во трагови) е зголемена и на тој начин се акумулира повеќе топлина во атмосферата. Климатските промени се без сомнение една од најголемите закани со кои се соочува

човештвото. Ефектите од климатските промени веќе се чувствуваат во Р.С. Македонија. Досегашните податоци покажуваат дека во последните 20 години:

- просечните температури се зголемени за 0,2 – 0,5°C,

- количествата на врнежи се во опаѓање, но со променлив распоред и интензитет се зголемува бројот на летни денови и тропски ноќи,

- се евидентира зачестена појава на топли бранови.

Мерки за ублажување (митигација) на климатските промени подразбираат активности кои ќе придонесат во намалување на емисиите на стаклени гасови кои потекнуваат најмногу од човечките активности, а тоа е согорувањето на фосилните горива, како за добивање на електрична така и за топлинска енергија, сечењето на шумите кои се единствениот извор на кислород.

На светско ниво се донесени повеќе протоколи, студии, стратегии, директиви како од Обединетите нации преку Монтреалскиот и Кјото протоколот, КОП конференциите и глобалните договори за ограничувањето на емисијата на стаклени гасови, исто така, и за гасовите кои го уништуваат озонот, а тоа се јагленофлуоровододи, најчесто од употребата во ладилната техника.

Македонија како потписничка на овие договори е обврзана истите да ги спроведува.

Обновливите извори на енергија се начин на решавање на климатскиите промени, а во исто време и начин за намалување на загадувањето на човековата околина. Во обновливите извори на енергија спаѓаат: сончевата енергија, енергијата од ветерот, биомасата, биоенергијата, геотермалната енергија, хидроенергијата, морските бранови и струи, плима и осека. Најеколошка енергија е сончевата енергија и е далеку поголема во однос на сите други видови на обновливи енергии заедно. Таа е најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, која не ја загадува околината.

Вкупната енергија што доаѓа кон Земјата (1.73·1017 W) односно 1.5·1021 Wh/god. Оваа енергија е околу 8 000 пати поголема од вкупните потреби за енергија на земјата или за еден час од сонцето пристигнува енергија која ги задоволува вкупните потреби за енергија на земјата. Уредите во кои се врши апсорбирање и трансформирање на сончевото зрачење во топлина или електрична енергија, се нарекуваат сончеви термални колектори или фотоволтаични панели.

Р.С. Македонија спаѓа во регионите со најповолни климатски услови за искористување на сончевата енергија со потенцијал од 2000 до 2400 сончеви часа за цела година. Ова овозможува широк спектар на употреба на овој вид на енергија. Вкупниот потенцијал на сончева енергија во Македонија се проценува на околу 10 GWh годишно или 1500 kWh/m² - максимална вредност на сончевото зрачење.

5.14 Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализацијата на планската документација се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Р.С. Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

Член 65 од Законот за заштита на културното наследство:

(1) Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон.

2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и

3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивно пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закан, а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и

2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и полажбата на предметите во времето на откривањето и за окалностите под кои тоа е направено.

Напомена: За се што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во:

- Законот за урбанистичко планирање (Сл.вес. на РСМ бр. 32/20 и 111/23),

- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. вес. на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

- Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр. 96/18).

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ					
1	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ		100.00%	7968.73	$м^2$
1.1	НАМЕНА	Е1.8-инфраструктури за пренос на електрична енергија (кабелски подземни водови)	100.00%	7968.73	$м^2$

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА	
Опис на траса	10/20kV подземен среднонапонски кабел
Група на класа на намена	Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
Основна класа на намена	Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија (кабелски подземни водови)
Површина на проектен опфат	7968,73 m2
Површина за подземна диспозиција на кабелскиот вод	7968,73 m2
Ширина на ров за поставување на кабелот	0,9 м
Длабочина на ров за поставување на кабелот	0,7-0,8 м
Длабочина на ров за поставување на кабелот за премин под водостопански цевковод од ХС Турија	1,5 м
Длабочина на ров за поставување на кабелот за премин под пат во урбанизирани населби	1,4 м
Должина на трасата	3985,59 м (3,98 км)
Широчина на заштитен појас на кабелот	1 м од оската на водот

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- Административна граница помеѓу О.Босилово и О. Ново Село
- Граница помеѓу катастарски општини (КО Секерник и КО Сушица)
- ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV подземен нисконапонски кабел
- Е1.8 - Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ
ТАЈФА-ПЛАН

ИЗРАБОТИЛ:
ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ „ТАЈФА-ПЛАН" ДОО-СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР. 0216

КОНТАКТОИ: „ФОТОВОЛТ МК" ДООЕЛ Струмица

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Секерник, О. Босилово до трафостаница Сушица на КП 3992 КО Сушица, О. Ново Село

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

ПЛАНЕР ПОТПИШАН:
НАТАША ВЛЧЕВСКАСАВИЌ д.и.а.
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0064

ПЛАНЕР ПОТПИШАН:
ГОРДАНА КАРАГУЛЕ РИСТЕСКА д.и.а.
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0444

ИЗРАБОТИЛ: **НАТАША ВЛЧЕВСКА САВИЌ д.и.а.**

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: **ВП01222**
ДАТА: **Март 2024**

РАЗМЕР: **1:2000**

ЦРТЕЖ БР. **1**

ПОГЛЕД А-А

вод од постоен 110 kV ДВ (АД МЕПСО)

вод од планиран 10(20) kV подземен кабел

постоен пат

110kV dalekuvod na AD MEPSO

ЕВН 10(20) надземна вод
СО ЗАШТИТЕН КОРИДОР

110 Kv ДАЛЕКУВОД СО ЗАШТИТЕН КОРИДОР

столб од постоен 110 kV ДВ (АД МЕПСО)
со заштитен појас

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- Административна граница помеѓу О.Босилово и О. Ново Село
- Граница помеѓу катастарски општини (КО Секерник и КО Сушица)
- ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV подземен среднонапонски кабел СО ЗАШТИТЕН КОРИДОР
- БАКАРНИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ
- ОПТИЧКИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ
- ПОДЗЕМЕН ВОДОСТОПАНСКИ ЦЕВКОВОД ОД ХС ТУРИЈА
- ПЛАНИРАНИ ПОДЗЕМНИ ВОДОВИ ЕВН 10 (20) kV

ЕВН 10(20) надземна вод СО ЗАШТИТЕН КОРИДОР

ЕВН 0,4 надземна вод

ЕВН 10(20)/0,4 столб

110 Kv ДАЛЕКУВОД СО ЗАШТИТЕН КОРИДОР

столб од постоен 110 kV ДВ (АД МЕПСО) со заштитен појас

Парцела на ТС на АД МЕПСО

ПРЕСЕК 1-1

ПРЕСЕК 2-2

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ
ТАЈФА-ПЛАН

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ „ТАЈФА-ПЛАН" ДООО-СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР. 3018

НАРАЧАТЕЛ: „МОТОВОЛТ МЕ" ДООЕЛ Струмица

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Секерник, О. Босилово до трафостаница Сушица на КП 3992 КО Сушица, О. Ново Село

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО
ПРОКТОМ РЕШЕНИЈАТА НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ И ВОДОВИТЕ НА ВНАТРЕШНИОТ РАЗВОД НА СИТЕ КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРИ

ГЛАВЕН ТОТОКОЛНИК:
НАТАША ВЛЧЕВСКАСАВИЌ д.и.а.
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0444

ГЛАВЕН ТОТОКОЛНИК:
ГОРДАНА КАРАГУЛЕ РИСТЕСКА д.и.а.
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0444

УПРАВИТЕЛ: **НАТАША ВЛЧЕВСКА САВИЌ д.и.а.**

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: ДПУ1222
ДАТА: **Март 2024**

РАЗМЕР: **1:2000**

ДРЖАВЕН БР.: **2**

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ГЕО КОМ

ГЕО КОМ ДООЕЛ Делчево

Објект:	Каблирање на подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од кп.бр. 392 КО Секирник Општина Босилово до трафостаница Сушица на кп.бр. 3992 КО Сушица Општина Ново Село
Инвеститор:	***ФОТОВОЛТ МЕ ДООЕЛ Струмица***
Изготвувач на техничка документација**:**	ГЕО КОМ ДООЕЛ Делчево
Предмет:	**ИДЕЕН ПРОЕКТ** Каблирање на подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од кп.бр. 392 КО Секирник Општина Босилово до трафостаница Сушица на кп.бр. 3992 КО Сушица Општина Ново Село
Технички број**:**	**138/3-23**
Дата:	Ноември 2023 год

Проектант,

Љубиша Петровик,
дипл.ел.инж.
Овластување Б бр. 4.0709

Управител,

Љупчо Атанасовски

Digitally signed by Ljubomir Petrovikj
Date: 2024.03.18 18:58:44

Digitally signed by Ljupcho Atanasovski
Date: 2024.03.18 18:58:15 CET

СОДРЖИНА:

I. ОПШТ ДЕЛ

1. Доказ за регистрирана дејност (ДРД образец)
2. Лиценца за проектирање
3. Решение за именување на проектанти
4. Овластување на проектанти
5. Проектна задача

А. Текстуален Дел

ТЕХНИЧКИ ОПИС
Цел на градбата
Опис на 10(20) кV кабелските водови
Карактеристики на 10(20) кV кабелски вод
Вкрстување и паралелно водење на 10(20) кV кабелска траса со други инсталации и сообраќајници
Упатство за поставување на енергетски кабли
Директно полагање на енергетски кабли во земја
Приближување и вкрстување на енергетски кабел со други подземни инсталации
Приближување и вкрстување на енергетски и телекомуникациони кабли
Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација
Приближување и вкрстување на енергетски кабел со топловод
Приближување и вкрстување на енергетски кабел со гасовод
Приближување и вкрстување на енергетски кабли
Вкрстување на енергетски кабел со пат вон населено место
Полагање на енергетски кабли преку мостови
Полагање на едножилни енергетски кабли
Кабелски прибор
ГРАФИЧКИ ДЕЛ

II. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

А. Текстуален Дел

- ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА
- ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

/електронски издаден документ/

Тековна состојба

Дигитално потпишан од: Vladimir Mihailov
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 03.05.2023 во 12:10:50
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qsig CA G2
Сертификатот е валиден до: 28.05.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

ЕМБС:	**7645023**

Целосен назив на Субјектот на Упис:	Трговско друштво за геодетски работи ГЕО КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево
Кратко име:	ГЕО КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево
Седиште:	Ул. КЕЈ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО Бр.25 ДЕЛЧЕВО ДЕЛЧЕВО
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Акт:	Друго : Одлука бр.58/3-23 од 03.05.2023 година
Датум на основање:	05.12.2022
Времетраење:	Неограничено
***Вид на сопственост:**	Приватна сопственост
Единствен даночен број:	4009022508441
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	микро
Организационен облик:	05.4 - дооел
Надлежен регистар:	Трговски Регистар
Деловен статус:	Активен

Основна главнина

Паричен влог EUR:	5.000,00
Непаричен влог EUR:	0,00
Уплатен дел EUR:	0,00
Вкупно основна главнина EUR:	5.000,00

Сопственици

ЕМБГ/ЕМБС:	2508975491502
Име:	**ЉУПЧО АТАНАСОВСКИ**
Адреса:	Ул. КЕЈ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО Бр.25 ДЕЛЧЕВО ДЕЛЧЕВО
Тип на сопственик:	Основач/сопственик / Основач
Паричен влог EUR:	5.000,00
Непаричен влог EUR:	0,00
Уплатен дел EUR:	0,00
Вкупен влог EUR:	5.000,00

Дејности

Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12	Инженерство и со него поврзано техничко советување
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС		
Евидентирани се дејности во надворешниот промет		

Овластувања

Управител

ЕМБГ/ЕМБС:	2508975491502
Име:	**ЉУПЧО АТАНАСОВСКИ**
Адреса:	Ул. КЕЈ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО Бр.25 ДЕЛЧЕВО ДЕЛЧЕВО
Овластувања:	Управител, занимање ВСС
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет

Подружници

Подброј:	7645023/1
Назив:	**Трговско друштво за геодетски работи ГЕО КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево Подружница ГЕО КОМ Делчево**
Тип:	Подружница
Адреса:	Ул. КЕЈ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО Бр.25 ДЕЛЧЕВО ДЕЛЧЕВО
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра	43.21 Електроинсталатерски работи

Овластени лица на подружницата

ЕМБГ/ЕМБС:	2508975491502
Име:	**ЉУПЧО АТАНАСОВСКИ**
Адреса:	Ул. КЕЈ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО Бр.25 ДЕЛЧЕВО ДЕЛЧЕВО
Овластувања:	Раководител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет

Дополнителни Информации

Дополнителни информации:	Друштво регистрирано без уплата/внесување на влог согласно чл.175 од Законот за трговските друштва(Сл.весник на РМ бр.28/04,84/05,25/07 87/08, 48/10, 24/11, 166/12,70/13,119/13, 120/13, 38/14,41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16,64/19, 120/2018 и 290/2020,215/21 и 99/2022)
КОНТАКТ:	
E-mail:	geokom.delcevo@gmail.com

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18,и „Службен весник на Република Северна Македонија'' 244/19, 18/20 , 279/20 и 227/22), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА
на

Трговско друштво за геодетски работи
ГЕО КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

КЕЈ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО бр.25 ДЕЛЧЕВО, ДЕЛЧЕВО

ЕМБС: 7645023

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 21.12.2029 година

Број П.512/А
21.12.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

на

ЉУБОМИР ПЕТРОВИЌ

дипломиран електротехнички инженер (NQF VII_1)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 08.07.2025 год.

Број: 4.0709

Издадено на: 08.07.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

I. ОПШТ ДЕЛ

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА

А: Општи податоци

1. Вид на техничка документација:	Идеен
2. Технички прописи:	Техничката документација да се изработи според важечките технички нормативи, прописи и стандарди од соодветната област

Б: Технички податоци

1.Име на водот:	Каблирање на подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од кп.бр. 392 КО Секирник Општина Босилово до трафостаница Сушица на кп.бр. 3992 КО Сушица Општина Ново Село
2. Почетна точка:	кп.бр. 392 КО Секирник
3. Крајна точка:	кп.бр. 3992 КО Сушица
4. Траса на водот:	Кабелска траса
5.Номинален напон:	10(20) kV; 50 Hz
6. Должина на кабелска траса:	3986 метри
7. Кабел:	**NA2XS(F)2Y 3 x 1 x 400 mm^2 RM/35 UO/U 12/20 kV**

ИНВЕСТИТОР

А. Текстуален Дел

1.ТЕХНИЧКИ ОПИС

1.1 Цел на градбата

Новопредвидениот 10(20) kV извод од к.п. од од кп.бр. 392 КО Секирник Општина Босилово до трафостаница Сушица на кп.бр. 3992 КО Сушица Општина Ново Село ќе се напојува од ТС 35/10 kV „Сушица“.

Овој Среднонапонски 10 kV извод од од од кп.бр. 392 КО Секирник Општина Босилово до трафостаница Сушица на кп.бр. 3992 КО Сушица Општина Ново Село ќе се каблира на потегот од ТС од од кп.бр. 392 КО Секирник Општина Босилово до трафостаница Сушица на кп.бр. 3992 КО Сушица Општина Ново Село.

Типот и пресекот на кабелот, како и начелниот избор на кабелската траса се извршени од страна на Инвеститорот ФОТОВОЛТ МЕ ДООЕЛ Струмица

Проектот за инфраструктура е изработен во се според член 59 став 10 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13,79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службенвесник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 , 227/22и 111/23),), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 60 од 27.04.2011), важечките прописи, нормативи и стандарди, како и препораките на ЕВН - Македонија АД - Скопје.

2. Технички податоци за 10(20) kV кабелски водови

10(20) kV извод "Фотоволт МЕ"

Локација: Општина Босилово и Општина Ново Село

Почетна точка на кабелски вод: Новопредвидена ТС 10(20)/0.4 kV на локација соларна централа на кп.бр. 392 КО Секирник

Крајна точка на кабелски вод: Трафостаница Сушица

Работен Напон: 10(20) kV

Тип на кабел и пресек: **NA2XS(F)2Y 3 x 1 x 400 mm^2 RM/35 UO/U 12/20 kV**

Должина на Подземен кабелски вод: 3986 метри

3. Технички податоци за кабелот

NA2XS(F)2Y 3 x 1 x 400 mm^2 RM/35 UO/U 12/20 kV

Ознака по МКС:	XHE 49-A
Ознака по DIN:	N2XS(F)2Y
Проводник:	Алуминиуски, Едножилен
Пресек на проводник:	400mm^2
Надворешен дијаметар на кабел:	53 mm
Тежина на Кабел:	2226.00 kg/km
Изолација:	Умрежен полиетилен (XLPE) DIX8
Радиус на свиткување:	1552mm
Дозволена сила на влечење при положување:	3 daN/mm^2

4. Опис на 10(20) кV кабелските водови

Почетна точка на предметниот 10(20) кV извод од од од кп.бр. 392 КО Секирник Општина Босилово до трафостаница Сушица на кп.бр. 3992 КО Сушица Општина Ново Село. Од оваа почетна точка, по цела должина на трасата, кабелскиот вод е положен во земјен ров.

Веднаш по излезот од ограденият простор кабелот продолжува по земјен пат на запад. Кабелот до стационажа 0+870 минува низ КО Босилово а потоа од стационжа 0+870 до 3+986 минува низ КО Сушица. На стационжа 2+360 минува низ суводолица река каде треба да се направи каскден праг на таа локација. При преминувањето на Локалниот пат Кабелскиот сноп од три едножилни Средно напонски кабли N2XS(F)2Y 1 x 400mm^2 RM/35 UO/U 12/20 kV се вовлекуваат во заштитна дебелосидна PVC Цевка Ф160mm.

При премините на кабелската траса преку Локалниот пат се сече асфалтот, се копа кабелски ров, а трите едножилни Средно напонски кабли N2XS(F)2Y 1 x 400mm^2 RM/35 UO/U 12/20 kV се поставуваат во заштитната дебелосидна PVC Цевка Ф160mm. По текот на Кабелската траса на некои места има сечење на асфалт по рабната страна на коловозот поради непристрапност на теренот.

Границите на проектниот опфат се прикажани во графичкиот дел на оваа проектна програма. Површината на проектниот опфат изнесува 7968,73 m², односно 0,79 ха, односно 3985,59м должина на кабелот. Должината на кабелот во КО Секерник Општина Босилово изнесува 872,61м, додека должината на кабелот во КО Сушица Општина Ново Село изнесува 3112,98м

-одостопанска инфратсруктура

Согласно добиеното известување од АД Водостопанство на РСМ - Скопје со број 11-2591/3 од 14.12.2023 година констатирано е дека предметниот проектен опфат се вкрстува со шест подземни цевководи (Л-22, Л-23, Л-24, Л-25, Л-26 и Л-27) од ХС Турија. Цевководите се изработени од азбест цементни цевки со дијаметар во распон од ф400 до ф200 и се на просечна длабочина од

1,20м.При изработката на урбанситичкиот план да се земат во предвид цевководите и притоа нивелетата на подземниот кабел да биде под нивечетата на цевководот.

Со урбанистичкиот проект снимени се пресеците со подземните цевководи и на тој пресек планирано е кабелот да се постави на длабочина од 1,40,1,50м, согласно графичкиот прилог бр. 2 Пресек 2-2.

- Согласно добиеното известување од АД Водостопанство на РСМ - Скопје со број 11-2591/3 од 14.12.2023 година констатирано е дека предметниот проектен опфат се вкрстува со шест подземни цевководи (Л-22, Л-23, Л-24, Л-25, Л-26 и Л-27) од ХС Турија. Цевководите се изработени од азбест цементни цевки со дијаметар во распон од ф400 до ф200 и се на просечна длабочина од 1,20м.При изработката на урбанситичкиот план да се земат во предвид цевководите и притоа нивелетата на подземниот кабел да биде под нивечетата на цевководот.

Со урбанистичкиот проект снимени се пресеците со подземните цевководи и на тој пресек планирано е кабелот да се постави на длабочина од 1,40,1,50м, согласно графичкиот прилог бр. 2 Пресек 2-2.



ПРЕСЕК 2-2

5. Карактеристики на 10(20) кV кабелски вод

Ископот на кабелскиот ров треба да се изведе рачно или машински, со внимателно копање. Ваквото барање е заради можноста за постоење на подземни инсталации кои не се очекувани при ископот.

При ископ на ровот, доколку дојде до обрушување на земјата, треба да се изврши потпирање на страните на ровот.

Бидејќи на целиот дел од трасата Средно-Напонскиот кабелски вод е со кабли тип N2XS(F)2Y 1 x 400mm^2 RM/35 UO/U 12/20 kV, трите фази се положуваат во ист ров, во вид на триаголнест сноп, ширината на дното ровот треба да е 0.4m и длабочина на ровот од 0.8m на регулирана површина, а на начин претставен на Цртеж бр. 2.

Затрупувањето на ровот се изведува во слоеви со нивно набивање а површината на ровот треба да се врати во првобитната состојба.

На делниците каде кабелската траса не може да се копа поради непристапност потребно е да се изврши сечење на асфалтот, разбивање и отстранување на асфалтната прекривка. По затрупувањето на ровот потребно е горната површина да се доведе во иста состојба како и пред копањето, со машинско набивање на земјата, ставање слој шљунак и асфалтирање на слој со потребната дебелина.

Вдолж вкрстувањата на кабелската траса со постоечките сообраќајници, новопредвидените улици, како и бетонскиот канал за вода, секој триаголнест сноп од едножилни кабли треба да биде вовлечен во заштитна дебелосидна PVC цевка Ф160mm.

Над положените кабли треба да се положи пластифицирана предупредувачка лента по целата должина на ровот.

Доколку Инвеститорот смета дека е потребно, може да се вградат и други ознаки за обележување на кабелската траса.

Каблите механички се заштитуваат со поставување на пластични “ГАЛ” штитници на начин кој е даден во цртежот 2.

Во кабелските ровови се предвидува полагање на FeZn лента 40 x 4 mm, по целата должина на трасата. Поцинкуваната лента треба се поврзе со

заштитното заземјување на новопредвидените трафостаници, на другиот крај на рововите.

6. Вкрстување и паралелно водење на 10(20) кУ кабелска траса со други инсталации и сообраќајници

Кабелската траса, според добиените подлоги, известувања и одговори од претпријатијата кои поседуваат подземни инсталации од телекомуникациски и комунален карактер, не третира други инсталации на целата Кабелска траса.

Во секој случај, изведбата на кабелскиот вод мора да се изврши во се според даденото упатство за поставување на енергетски кабли" (поглавје 7.2.2. „Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација"), како и според условите и барањата ЈП Крива Паланка.

Воедно, изведбата треба да биде организирана така што да има постојан надзор , со што истата би се поедноставила.

Според согледувањата на теренот, како и од добиените подлоги, известувања и одговори од претпријатијата кои поседуваат подземни инфраструктурни инсталации, може да се заклучи дека вкрстувањето и паралелното водење на кабелските водови со други подземни инсталации согласно прописите и стандардите е можно и изводливо.

7.Упатство за поставување на енергетски кабли

7.1. Директно полагање на енергетски кабли во земја

Се препорачува директно полагање на енергетски каблови во земја, во кабелски ров чии димензии зависат од номиналниот напон на кабелот, видот на земјиштето како и од бројот на кабли кои се полагаат во истиот ров.
Нормална длабочина на ровот во кој се полага кабелот изнесува:

- 1.1 m за кабли 35 kV
- 0.7 – 0.8 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации, како и во случаи на неповолни услови на полагање.
Доколку кабелот се полага на помали длабочини поради разни препреки или други инсталации, потребно е да се предвиди дополнителна заштита од механички оштетувања со примена на заштитни цевки, бетонски заштитници и сл.

Кабелот се полага во средина на слој од песок и шљунак кој е со дебелина 0.2 m. над дното на кабелскиот ров. За набивање на овој слој треба да се користат исклучително рачни набивачи.

Кабелскиот ров се копа како отворен ров. Само во случај на вкрстување на кабелот со железничка пруга или со пат или улица каде не смее да се прекинува сообраќајот се врши бушење на отвор за цевка низ која се провлекува кабелот. Ова мора да се врши многу внимателно, да не дојде до оштетување на друга инсталација.

Ископаниот кабелски ров мора да биде видливо обележан, поради сигурност на пешаците и возилата. Влезовите во куќи и деловни простории треба да имаат соодветни премостувања.


Затрупувањето на кабелскиот ров се врши со земја од откопот или со новодонесена земја во слоеви од по 0.3 m. Слоевите од земја над постелицата од песок и шљунак се набиваат со механички набивачи.

При затрупувањето на кабелскиот ров, над кабелот вдолж целата траса треба да се постави пластична предупредувачка лента:

- при полагање на кабел на регулирани површини се поставува една предупредувачка лента на 0.4 m над кабелот (сл. 1),


- при полагање на кабелот на нерегулирани површини се поставуваат две предупредувачки ленти од кои првата е на 0.3 m, а втората на 0.5 m над кабелот (сл. 1),
- ако во исти ров се полагаат повеќе кабли, тогаш бројот на предупредувачки ленти и нивното меѓусебно растојание треба да бидат така одбрани да сите кабли бидат "покриени" со предупредувачки ленти (сл. 2).

Пластичната педупредувачка лента е со црвена боја со втиснат натпис за внимателност, ширината на траката треба да биде околу 10 cm, а квалитетот на материјалот треба да гарантира век на траење од околу 30 години.



1 предупредувачка лента; 2 набиена земја во слоеви; 3 кабел; 4 песок

Слика бр. 1




1 СН кабел; 2 НН кабел; 3 песок; 4 набиена земја во слоеви;
5 предупредувачка лента; 6 цигли;

Слика бр. 2

За премин под пат во урбанизирани населби наместо кабелска канализација може да се користи и директно полагање на кабли во земја, во ров со длабочина 1.4 m се поставува постелица на кабелот која е претходно опишана, над неа се поставуваат армирно-бетонски плочи, слој на земја и слој на мршав бетон МБ-15 (сл. 3).

После полагањето, изработката на кабелските спојници и завршници, напонското испитување на комплетниот кабелски вод и затрпувањето, кабелската траса се доведува во првобитната состојба т.е. вишокот на земја се одвезува на планирано место, се поправаат и асфалтираат сообраќајниците и т.н.



1 кабел; 2 песочна постелица; 4 армиранобетонска плоча;
3 слој на земја; 5 предупредувачка лента; 6 бетон МБ 15 7 тампон на патот
Слика бр. 3

7.2. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со други подземни инсталации

7.2.1. Приближување и вкрстување на енергетски и телекомуникациони кабли

Дозволено е паралелно водење на енергетски и телекомуникациски кабел на меѓусебно растојание од најмалку:

- 0.5 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV
- 1 m за кабли 35 kV

Вкрстување на енергетски и телекомуникациски кабел се врши на растојание од најмалку 0.5 m.

Аголот на вкрстување треба да биде:

- во населени места најмалку 30°, а по можност што поблиску до 90°,
- вон населени места најмалку 45°.

Енергетскиот кабел по правило се поставува под телекомуникацискиот кабел.

Доколку неможат да се постигнат растојанијата кои се претходно дадени на местото на вкрстување енергетскиот кабел треба да се вовлече во заштитна цевка, но и тогаш растојанието несмее да биде помало од 0.5 m.

Растојанијата и аглите на вкрстување кои се претходно дадени не се однесуваат на оптички кабли.

Телекомуникациските кабли кои исклучително служат за потребите на електродистрибуциите можат да се полагаат во исти ров со енергетски кабли на растојание не помало од 0.2 m.

7.2.2. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни и канализациски цевки.

Хоризонталното растојание на енергетскиот кабел од водоводна или канализациска цевка треба да изнесува најмалку 0.5 m за кабли 35 kV т.е. најмалку 0.4 m за останатите кабли.

При вкрстување, енергетски кабел може да биде положен под или над водоводна или канализациска цевка на растојание од најмалку 0.4 m за кабли 35 kV односно најмалку 0.3 m за останатите кабли.

Доколку неможат да се постигнат растојанијата претходно дадени, на тие места енергетскиот кабел треба да се провлече низ заштитна цевка.

На местата на паралелно водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводни или канализациски цевки, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

7.2.3. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со топловод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над топловод.

При вкрстување, енергетскиот кабел се полага над топловод, а во исклучителни случаеви под топловод.


Помеѓу енергетски кабел и топловод се поставува топлотна изолација од полиуретан, пенлив бетон и т.н. (сл. 4).

Хоризонталното растојание помеѓу енергетскиот кабел и надворешната ивица на каналот за топловод треба да изнесува најмалку 0.7 m за кабли 35 kV, односно 0.6 m за останатите кабли.

Доколку неможе да се постигнат претходно дадените најмали растојанија се применуваат дополнителни заштитни мерки со кои се обезбедува да топлотното влијание на топловодот врз кабелот не биде поголемо од 20°C. Заштитни мерки се следните:

- зајакната изолација помеѓу топловодот и енергетскиот кабел,
- примена на кабли со изолација од вмрежен полиетилен (XP00; XHE 49-A и сл.)
- примена на метални екрани помеѓу кабелот и топловодот и други.


При вкрстување и паралелно водење на енергетски кабел за јавно осветлување и топловод треба да се оствари растојание од најмалку 0.3 m.



1 површина на тло 2 предупредувачка лента; 3 пластична цевка ∅ 160;
4 кабел; 5 изолација од пенлив бетон;

Слика бр. 4

ПАРАЛЕЛНО ВОДЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ТОПЛОВОД



Слика бр. 5

7.2.4. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со гасовод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над гасовод.

Растојанието помеѓу енергетски кабел и гасовод при вкрстување и паралелно водење треба да биде најмалку:

- 0.8 m во населено место
- 1.2 m вон населено место

Растојанијата можат да се намалат до 0.3 m ако кабелот се положи во заштитна цевка со должина најмалку 2 m од двете страни на вкрстувањето или по целата должина на паралелното водење.

7.2.5. Приближување и вкрстување на енергетски кабли

Меѓусебното растојание на енергетски кабли (повеќежилни кабли или кабелски сноп од три едножилни кабли) во ист ров се одредува врз основа на струјното оптоварување на истите, но не смее да биде помало од 0.07 m при паралелно водење, односно 0.2 m при вкрстување.

За обезбедување на пропишаното растојание при паралелно водење т.е. недопирање на каблите потребно е по целата должина на трасата да се постават бетонски опеки на меѓусебно растојание од 1 m.

7.2.6. Вкрстување на енергетски кабел со пат вон населено место

Вкрстување на кабелски вод со пат вон населено место се врши така што кабелот се полага во бетонски канал или бетонска или пластична цевка навлечена во хоризонтално избушен отвор. Со тоа се обезбедува замена на кабелот без раскопување на патот.

Вертикалното растојание помеѓу горната ивица на кабелската канализација и површината на патот треба да изнесува најмалку 0.8 m.

Растојанието помеѓу кабелскиот вод и пат вон населено место при паралелно водење, односно приближување изнесува:

- за автопат и пат од прв ред: најмалку 5 m за паралелно водење и најмалку 3 m за приближување,
- за патишта под прв ред: најмалку 3 m за паралелно водење и најмалку 1 m за приближување.

7.2.7. Полагање на енергетски кабли преку мостови

За полагање преку мостови се препорачува користење на кабли со полимерна изолација и полимерен плашт (XP00-AS, XHE 49-A и др.).

За полагање преку мост дозволено е користење на хартиени кабли со алуминиумски плашт, тип NPHA 03-A. Не е дозволено полагање на енергетски кабли со оловен плашт.


Се препорачува полагањето на енергетските кабли да биде под пешачката стаза на мостот во канали или цевки. Овие канали (цевки) не смее да се користат за атмосферски води и мора да биде овозможено природно ладење на каблите во

цевките. Дозволено е слободно полагање по конструкцијата на мостот ако енергетските кабли се непристапни на нестручни лица и ако се заштитени од директно влијание на сончевите зраци.

Енергетските кабли под мостовите, доколку е можно, треба да се полагаат во еден дел, без употреба на спојници. Во спротивно кабелската спојница треба да е оддалечена најмалку 10 метри од краевите на мостот.

Треба да се избегнува полагање на каблите под дрвени мостови. Во спротивно каблите треба да се полагаат во пластични или метални цевки.

На премините на енергетските кабли од челичната конструкција на мостовите на страничните потпирачи, како и на премините на дилетационите делови на мостот, потребно е да се остави соодветна резерва.



Сл.9

7.3 Полагање на едножилни енергетски кабли

Се препорачува полагање на едножилни кабли (ХНЕ 49 и др.) во триаголнест сноп. На пократки делници дозволено е и полагање во хоризонтална рамнина на меѓусебно растојание од 0.07m.

Снопот се формира со провлекување на каблите низ соодветна матрица при одмотување од три котури. Формираниот сноп на секој 1 - 2 метри се зацврстува (обмотува) со обујмица или самолеплива лента.





а) во триаголен сноп

б) во хоризонтална рамнина

Дозволено е поединечно провлекување на едножилен кабел низ цевка од неферомагнетен материјал по услов цевката да не е подолга од 20 метри.

Дозволено е провлекување на сноп од три едножилни кабли од сите три фази низ челична цевка.

За прицврстување на едножилни кабли можат да се користат само обујмици од неферомагнетен материјал (бакар, алуминиум, пластика и т.н.).

На двата краја на кабелскиот вод потребно е галвански да се поврзат металните плаштови на сите три едножилни кабли и овој спој да се заземји.

8. Кабелски прибор

Кабелскиот прибор служи за затварање на краевите на кабелот за да се спречи продирање на влага, што се остварува со помош на кабловски завршници (глави) за внатрешна и надворешна монтажа и кабловски спојници.

За среднонапонските кабли (XHE 49-A, NPO 13-AS итн.) се препорачува да се користат кабелски спојници и завршници од топлособирачки, ладнособирачки или префабрикувани елементи.

Кабелските спојници и завршници траба да ги монтираат стручно обучени работници кои доследно ги применуваат сите упатства и барања на производителите посебно во врска со технолошката чистота, непрекидноста на електричната заштита, слабопроводните слоеви и плаштот на среднонапонските кабли итн.

Кабелската завршница на среднонапонскиот кабел мора да има прибор за едноставно приклучување на металниот плашт и арматурата, односно електричната заштита на кабелот, на заземјувачот на трансформаторската станица или столбот.

Кабелската спојница посебно не се заземјува, независно од тоа дали е од изолационен материјал или метална.

9. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа на надморска височина од 200-300 м. Според географската положба е во североисточниот дел на Република Македонија. Локацијата на соларната централа е лоцирана југоисточно од Градот Струмица na оддаелеченост од приближно 5 km од градот по локален пат.

Планскиот опфат на Проектот за инфраструктурата на 10 (20) Извод од кп.бр. 392 КО Секирник Општина Босилово до трафостаница Сушица на кп.бр. 3992 КО Сушица Општина Ново Село, опфаќа делови од повеќе парцели претставени во Синтезниот План во Прилог.

.


- должина на кабелот во Општина Босилово изнесува 872.61 m^1


- должина на кабелот во Општина Ново Село изнесува 3113.15 m^1


-


Гео Ком ДООЕЛ


Делчево



ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Административна граница помеѓу О.Дисловско и О. Ново Село
Граница помеѓу катастарски општини (КО Смекрени и КО Сувица)
ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV ВОДЕЧКИ СРЕДИНСКИ КАБЕЛ СО АЛУМИНИУМСКИ
ПОДЗЕМЕН ВОДОСТОПАНСКИ ЦЕВОВОД ОД ЈКС ГУРУЧА
ПРЕСЕК 1-1
ПРЕСЕК 2-2
Идеен проект за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Смекрени, О„Босилово до трафостаница Сувица на КП 3992 КО Сувица, О„Ново Село
СИТУАЦИЈА
Мај 2023
1:500
1



ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Административна граница помеѓу О.Дрсиново и О. Ново Село
Граница помеѓу катастарски општини (КО Смекрница и КО Сувица)
ИНФРАСТРУКТУРА ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV ВОДЕНИЧКИ СРЕДНОНАПОНСКИ КАБЕЛ СО АЛУМИНИУМОВИ ЖИЛИ
ПОДЗЕМЕН ВОДОСТОПАНСКИ ЦЕВКОВОД ОД ХС ТУРЈАК
ПРЕСЕК 1-1
ПРЕСЕК 2-2
ГЕО КОМПАНИ ДООЕЛ ДЕБРЕСО
Идеен проект за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Смекрница, О.Босилово до трафостаница Сувица на КП 3992 КО Сувица, О.Ново Село
СИТУАЦИЈА
Мај 2023
1:500


ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Административна граница помеѓу О.Дисоиново О. Ново Село
Граница помеѓу катастарски општини (КО Сивирник и КО Сушица)
ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV ВОДЕНИЧКИ СРЕДНОНАПОНСКИ КАБЕЛ со АЛУМИНИУМОВИ
ПОДЗЕМЕН ВОДОСТОПАНСКИ ЦЕВОВОД ОД АС ТУРИЈА
ПРЕСЕК 1-1
ПРЕСЕК 2-2
ГЕОМИЛЕНОВО
Идеен проект за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Сивирник, О. Босилово до трафостаница Сушица на КП 3992 КО Сушица, О. Ново Село
СИТУАЦИЈА
Мај 2023
1:500
1


Траса на 10 kV далновод
ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Административна граница помеѓу О.Дисоново и О. Ново Село
Граница помеѓу катастарски општини (КО Северник и КО Сушица)
ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV ВОДИЧКИ СРЕДНОНАПОНСКИ НАБАТ со АМЛИТИН-КАБЕЛ
ПОДЗЕМЕН ВОДОСТОПАНСКИ ЦЕВОВОД ОД ЈКП ТУРИЈА
ГРАДЕЖНО ЛИЦЕ
ГЕОМЕРКАБЕЛ ДООЕЛ
Идеен проект за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Северник, О.Босилово до трафостаница Сушица на КП 3992 КО Сушица, О.Ново Село
СИТУАЦИЈА
Број 1/08
Август 2023
1:1000
1


ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Административна граница помеѓу О.Дисковско О. Ново Село
Граница помеѓу катастарски општини (КО Свиларе и КО Суводол)
ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV ВОДЕНИЕН КАБЕЛСКИ ВОД (со алуминиумски
ПОДЗЕМЕН ВОДОСТОПАНСКИ ЦЕВОВОД ОД ЛС ТУРЈАЧА
Идеен проект за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Свиларе, О.Босилово до трафостаница Суводол на КП 3992 КО Суводол, О.Ново Село
СИТУАЦИЈА


ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Административна граница помеѓу О.Дисоново и О. Ново Село
Граница помеѓу катастарски општини (КО Свекрвиќ и КО Сушица)
ИНФРАСТРУКТУРА ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV надземен (висок набат) со изолирани жици
ПОДЗЕМЕН ВОДОСТОПАНСКИ ЦЕВОВОД ОД АС ТУРУНА
ПРЕСЕК 1-1
ПРЕСЕК 2-2
ПРОЕКТАНТ:
ГО ЈОВАН ВАСИЛЕВСКИ
Идеен проект за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Свекрвиќ, О.Босилово до трафостаница Сушица на КП 3992 КО Сушица, О.Ново Село
СИТУАЦИЈА
Мај 2023
1:500
1


ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОБЕЛЕН ОПФАТ
Административна граница помеѓу О.Дисаново и О. Ново Село
Граница помеѓу катастарски општини (КО Свекерник и КО Суводица)
ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДЕМНА ПРИМЕНА
ТРАСА НА ПЛАНИРАН 10(20) kV ВОДЕНИЧКИ СРЕДНОНАПОНСКИ КАБЕЛ СО АЛУМИНИУМСКИ
ПОДЗЕМЕН ВОДОСТОПАНСКИ ЦЕВОВОД ОД ЈКП ТУРИЈА
ПРЕСЕК 1-1
ПРЕСЕК 2-2
Идеен проект за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 3912 КО Свекерник, О.Босилово до трафостаница Суводица на КП 3992 КО Суводица, О.Ново Село
СИТУАЦИЈА
ГЕОМЕХАНИКА ДООЕЛ
Број: Мај/ 2024
1:500
ЛИСТ БР. 1

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје,
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. УП1-10-658
08 08 2023 год.

EVN Group

Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, Оддел Мрежен инженеринг, врз основа на член 170, став 2 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.96/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), постапувајќи по Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на ДПТУ ФОТОВОЛТ МЕ ДООЕЛ, ЕМБГ/ЕДБ 4027021535176 бр. УП1-10-658,, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа

На ДПТУ ФОТОВОЛТ МЕ ДООЕЛ, ЕМБГ/ЕДБ 4027021535176 (во понатамошниот текст: Барател на приклучок) му се издава согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје.

Начинот и условите за приклучување на објектот на Барателот на приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје се дадени во Прилог 1 кој што е составен дел од ова Решение.

Решението ќе престане да важи доколку изградбата на приклучокот не е започната во рокот определен во одобрението за градење на приклучокот.

О б р а з л о ж е н и е

ДПТУ ФОТОВОЛТ МЕ ДООЕЛ, ЕМБГ/ЕДБ 4027021535176 на 04.08.2023 година до Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје поднесе Барање за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа заведено под архивски број УП1-10-658.

По поднесувањето на Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје изврши увид во техничката документација на постоечката мрежа и проектната документација за напојување со електрична енергија на предметното конзумно подрачје, со анализа на показателите добиени од извршените мерења за електроенергетската состојба и проверка на лице место на подготвените можни решенија за напојување на предметниот објект, утврдено е следното: објектот може да се приклучи на дистрибутивната мрежа, под начин и услови дефинирани во Прилог 1.

Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа ги исполнува сите услови согласно Закон за енергетика и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, при што Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје одлучи како во диспозитивот на Решението.

Упатство за правно средство:
Незадоволната страна од ова Решение има право преку Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, Оддел Мрежен инженеринг, да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на доставување на Решението.

Раководител на Оддел
Оливер Мирчевски

Прилог 1 на Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа број: УП1-10-658

Локација на објектот

Адреса: ул. НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ бр. 0 КП374/1

Место и Општина: 2433 СЕКИРНИК

Катастарска парцела бр и КО: 374/1, 374/2 и др. КО Секирник

Код на објект: 000000236769

Место на приклучување

☐ 0,4 kV (низок напон)

☐ 6 kV (среден напон)

☒ 10 kV (среден напон)

☐ 20 kV (среден напон)

☐ 35 kV (среден напон)

Согласност за приклучување поради

☐ Изградба на нов објект

☒ Поставување на генераторски единици од обновливи извори

☐ Зголемување на максимална едновремена моќност

☐ Промена или реконструкција на приклучок

☐ Одвојување на инсталации на приклучен објект

☐ Спојување на инсталации на приклучен објект

☐ Времен приклучок за:

Место на мерење

☐ Низок напон во МО/ ГМРТ

☐ Низок напон во ТС СН/НН

☒ Среден напон во ТС СН/НН

☐ Среден напон во ТС ВН/СН

Категорија на приклучок

☐ LV2

☐ LV1.2

☐ LV1.1

☒ MV2

☐ MV1

Важност на согласноста

☐ Неопределено

☒ Времен приклучок во времетраење до 14.04.2057 год. според Договорот за закуп на недвижен имот УЗП 1764/2022 од 15.04.2022 год (Договор кој истекува најрано од сите 16 - Договори за закуп)

Тип на приклучок

☐ Стандарден приклучок

☒ Нестандарден приклучок

☐ Изолиран корисник

Тип на мерење

☐ Директно мерење

☐ Полуиндиректно мерење

☒ Индиректно мерење

Број на фази

☒ Трифазен

☐ Еднофазен

Надоместок за приклучување*

Надоместок за изградба на приклучокот: 19.417.734,00 ден.

Надоместок за создавање на технички услови: 0,00 ден.

Вкупно: 19.417.734,00 ден.

Вкупно со ДДВ: 22.912.926,00 ден.

Одобрена врвна моќност

Pmax= 0 kW (како потрошувач) и Cosф=0,95

Pmax= 3500 kW (како производител) и Cosф=0,95

Напомени

Надоместокот за приклучување и деталната пресметка се со важност од 90 дена од денот на издавање на ова Решение. Решението ќе престане да важи доколку потрошувачот не склучи Договор за приклучок во рок од 1 година од денот на издавање.

Систем на заштититно заземјување на ОДС

☒ TT ☐ TN-C ☐ TN-S ☐ TN-CS

Обврски на барателот на приклучок

→ Одговорен е за безбедноста на електроенергетските објекти, техничката опрема и инсталации кои се во негова сопственост во согласност со закон и друг пропис

→ Заштитното заземјување да го прилагоди на системот за заштитно заземјување на операторот на дистрибутивниот систем

→ Должен е да склучи Договор за приклучок со Електродистрибуција

→ Во случај на приклучок од мрежа која не е сопственост на Електродистрибуција должен е да обезбеди писмена согласност заверена на нотар од сопственикот на таа мрежа.

→ Должен е да поднесе барање за приклучување на електродистрибутивната мрежа во случај на негово исклучување од страна на трето лице - сопственик на електроенергетскиот објект.

→ Барателот има обврска да му обезбеди на операторот на дистрибутивниот систем непречен пристап до мерното место,

→ Барателот има обврска да го изгради внатрешниот приклучок после мерното место.

→ Барателот има обврска да достави завршен извештај од надзорот за исправност на електричната инсталација на објектот/те и системот на фотонапонската централа што се инсталира во

Обврски на Електродистрибуција

→ Да го приклучи објектот на барателот на дистрибутивната мрежа по добивање на одобрение за употреба на приклучокот согласно закон во рок утврден во договорот за приклучување на дистрибутивната мрежа

→ Гарантира за квалитет на испорака на електрична енергија до точката на разграничување помеѓу дистрибутивната мрежа и објектите на барателот на приклучок, односно објектите на трети лица на кои ќе се приклучи објектот на корисникот.

→ Не гарантира за евентуална штета која би настанала доколку на барателот на приклучок му биде прекината испораката на електрична енергија од страна на трето лице - сопственик на електроенергетскиот објект

објектот.

- → Барателот да достави Протокол од измерени вредности за отпорот на заземјување на објектот/те.
- → Доколку барателот вградува помошното напојување, дизел агрегат и сл., е должен да го опреми со автоматски уреди за негова манипулација.
- → За да се овозможи приклучување, неопходно е изградба на нов среднонапонски кабелски изводи 10kV од ТС 110/10kV Сушица до локацијата предвидена за изградба на ФВЦ со реализација на СН кабел NA2XS(F)2Y со пресек 3x1x400mm^2.
- → Барателот на приклучок има обврска да проектира и изгради: **Трафостаница -** 20/(10)/xxkV со трансформатор-1 21(10,5)/xxkV со моќност од 2000kVA и трансформатор-2 21(10,5)/xxkV со моќност од 2000kVA. Препорака е трансформаторите да бидат со загуби Ao-Bk. Среднонапонскиот 20kV блок да содржи: доводна, одводна, спојна, мерна, трафо ќелија-1 (со прекинувач) и трафо ќелија-2 (со прекинувач), со можност за проширување согласно развојните планови на барателот.
  *xx - во согласност со Проектот на изведена состојба.
- → Барателот има обврска да изработи Проект за изградба на предвидената трафостаница и истиот треба да се достават на одобрување до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.
- → Мерењето на електрична енергија ќе биде преку ново индиректно мерно место со едно мерење во Трафостаницата.
- → Целокупната опрема како и уредите за релејна заштита и синхронизација се обврска на Барателот на приклучок;
- → Целокупната електро-енергетска опрема да се изведе согласно важечките прописи и препораки;
- → Мерната ќелија треба да биде со димензиии кои ќе овозможат поставување на: 3 (три) струјни мерни трансформатори со максимални димензии согласно стандардот DIN 42600 дел 5, 3 (три) напонски мерни трансформатори со максимални димензии согласно стандардот DIN 42600 дел 3, 3 (три) основи за осигурувачи и осигурувачи кои служат за заштита на напонските мерни трансформатори, Појавата на влага да се превенира со инсталација на грејач со термостат во келијата или со соодветна вентилација на трансформаторската станица. Поставувањето на мерните трансформатори треба да биде со челен распоред (во два реда, еден до друг по широчина на ќелијата) со што минималната широчина на ќелијата ќе биде 840 mm. Мерните трансформатори ги обезбедува ЕВН и останууваат сопственост на ЕВН. Основите за осигурувачи и осигурувачите за заштита на мерните напонски ТР ги обезбедува потрошувачот и истите треба да се во склад со техничката спецификација на ЕВН за ваков вид на осигурачи. Мерните трансформатори ќе служат исклучиво за мерење на електрична енергија заради фактурирање (пресметковно мерење), односно само за потребите на ЕВН. Поставеноста на струјните мерни трансформатори да биде таква да енергетските врски од доводната келија се поврзуваат на Р1 клемата од струјниот мерен трансформатор така што насоката на превземена ЕЕ да биде Р1 - Р2, а на произведената ЕЕ Р2 - Р1, каде Р1 и Р2 се ознаките на примарните врски на СМТР.
- → Барателот е согласен дека ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ќе отпочне со градба на новиот кабелски СН извод по добивање на дозвола за градба на кабелскиот вод и после решавање на имотно правни работи со потенцијалните приватни сопственици или корисници на парцелите низ кој е предвидено да се постави новопредвидениот кабелски вод.
- → ЕЕО нема да се стават под напон се додека не се завршат и решат имотно правните работи и добивање на употребна дозвола за кабелските водови.
- → Комплетната вградена опрема да биде за 20 kV и согласно ЕВН стандардите и важечките стандарди и прописи за ваков тип на електро-енергетски објекти.
- → Барателот исто така траба да ја обезбеди и целокупната потребна проектна документација како и да ги обезбеди сите потребни дозволи за Енергетските објекти кои има обврска да ги изгради согласно ова Решение за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа,
- → После реализацијата на приклучокот барателот има обврска да побара од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, КЕЦ Струмица да изврши интерен технички преглед на електроенергетските објекти (ЕЕО) што се изградени за реализација на приклучокот и при тоа е потребно да ја достави целокупната техничка документација потребна при изградба на ЕЕО.
- → Целокупната електро-енергетска опрема да се изведе согласно

важечките прописи и препораки;
→ НЕ Е ДОЗВОЛЕНО ОСТРОВСКО НАПОЈУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ОД ЦЕНТРАЛАТА (освен за НАПОЈУВАЊЕ НА СОПСТВЕНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЦЕНТРАЛАТА).
→ РЕЛЕЈНА ЗАШТИТА:
→ Во инверторскиот систем и електричната инсталација на кој се приклучува потребно е да се инкорпорирани следниве заштити:
→ наднапонска заштита;
→ поднапонска заштита;
→ надфреквентна заштита;
→ подфреквентна заштита;
→ надструјна заштита;
→ краткоспојна заштита;
→ земјоспојна заштита и заштита од напон на допир во случај на доземен спој;
→ УСЛОВИ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ:
→ Вклучувањето на централата на дистрибутивна мрежа е дозволено кога се исполнети следниве услови за синхронизација:
→ 1. разликата на напонот ΔU, порастот на напонот, да не биде поголем од + 5% од Un, и падот на напон, да не биде поголем од -10% од Un;
→ 2. разликата на фреквенцијата $\Delta f < \pm 0.1$ Hz;
→ 3. разликата на фазниот агол $\Delta\varphi < \pm 10$ степени;
→ Пред приклучување на централата на дистрибутивна мрежа да се обезбеди АТЕСТ од производувачот за коефициент на фликери Cf1 (поединечно за секој генератор) и Cfsce (за целата централа).
→ По приклучување на централата на дистрибутивна мрежа по пат на мерење во реални погонски услови да се потврди:
→ Коефициент на фликери Cf1 (поединечно за секој генератор и Cfsce (за целата централа) како АТЕСТ дека централата го задоволува критериумот на долготрајните фликери $Af s \leq 0,1$;
→ Со вградување на филтри за соодветниот ред на вишите хармоници да се обезбеди условот за вредностите на струите на вишите хармоници да не ги надминат максималните дозволени вредности одредени со Техничките прописи и препораки;
→ УСЛОВИ ЗА ПАРАЛЕЛНА РАБОТА:
→ Услови за паралелна работа на централата во приклучната точка во електродистрибутивната мрежа се:
→ Факторот THD (Тотална хармонична дисторзија на напон), да биде помал или еднаков на 3%, за секој хармоник;
→ Факторот за небалансираност на напонот, да биде помеѓу 0 и 2%;
→ Релативната промена на напонот во однос на номиналниот напон во точката на приклучување во преоден режим на работа (исклучување/вклучување) треба да биде:
→ 2% доколку точката на приклучување е во нисконапонска мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се почести (една на 10 минути);
→ 3% доколку точката на приклучување е во нисконапонска мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се поретки;
→ Инсталираната моќност на ФВЦ е 4196,5kW додека моќноста на инверторите е 3500kW (на што се издава РСПМД).

Табела 1: Одобрена врвна моќност по мерно место

Ред. бр.	Број на влез	Број на стан / локал / просторија	Тип на мерење	Број на фази	Одобрена врвна моќност по броило (kW)	Категорија на приклучок
1	1	1	Индиректно	3 (три)	Pmax= 3500 kW (како производител) и Cosφ=0,95	MV2

Раководител на Оддел

Оливер Мирчевски

Среднонапонски кабли 10, 20 и 35kV Конструкција

КС-120-01–00

Каблите со изолација од умрежен полиетилен (XLPE) се висококвалитетни, сигурни и безопасни за време на експлоатацијата, бидејќи XLPE–изолацијата има добри термички карактеристики и издржува механички напрегања при полагањето и покасно при експлоатацијата. XLPE–изолацијата исто така има мали диелектрични загуби и издржува големи електрични напрегања.

Во дистрибутивната СН-мрежа на ЕВН Македонија ќе се вградуваат стандардизирани кабли со конструкција:

- СН-кабли се конструирани и произведени во согласност со DIN VDE 0276-620,
- Проводникот е компактиран (многужичен-уплетен) алуминиум,


- Изолација: Технолошкиот процес на екструзија со три глави (трослојно екструдирање) е гаранција за електричните карактеристики и за ниско ниво на парцијални празнења. Со методата на екструрзија со три глави се формира трислоен изолационен систем составен од (сл.1):

  - поз. 2 – екструдиран полупроводлив слој над проводникот (екран на проводникот);
  - поз. 3 - изолација, екструдиран умрежен полиетилен – XLPE и
  - поз.4 - екструдиран полупроводлив слој над изолацијата (екран на изолацијата),
- Водонепропустливи набабрувачки траки,
- Бакарен екран составен од Cu концентрично положени жици и контактна спирална лента од бакар, со дебелина од околу 0,1mm,
- Раздвојувачка водонепропустлива трака. Надолжната водонепропусливост во екранот е осигурана со делумно преклопување на набабрувачките траки при нанесувањето и
- Надворешен плашт од HDPE - тврдост според Шор (Shore) најмалку 55, со црна боја.

Среднонапонски кабли 10, 20 и 35kV Конструкција

КС-120-02–00

Сл.1: Конструкција на СН кабел



1. Проводник, компактиран (многужичен-уплетен) алуминиум,
2. Внатрешен полупроводлив слој,
3. Изолација, умрежен полиетилен-XLPE согласно со VDE 0276-620,
4. Надворешен, полупроводен слој,
5. Полупроводливи набабрувачки ленти,
6. Бакарен екран,
7. Раздвојувачка водонепропустлива трака,
8. Надворешен плашт – црн.

Вредности на конструктивни параметри за 20kV кабел тип: NA2XS(F)2Y RM

пресек	Дебелина на изолацијата	Дебелина на обвивката	Пресек на екранот	Приближен дијаметар	Маса на Al прибл.	Маса на Cu прибл.	Маса на кабелот прибл.
mm^2	mm	mm	mm^2	mm	kg/km	kg/km	kg/km
1x150	5.5	2.5	25	34-39	394	176	1194
1x240	5.5	2.5	25	39-44	649	265	1876
1x400	5.5	2.5	35	44-49	1043	363	2537

Вредности на конструктивни параметри за 35kV кабел тип: NA2XS(F)2Y RM

пресек	Дебелина на изолацијата	Дебелина на обвивката	Пресек на екранот	Приближен дијаметар	Маса на Al прибл.	Маса на Cu прибл.	Маса на кабелот прибл.
mm^2	mm	mm	mm^2	mm	kg/km	kg/km	kg/km
1x150	9.0	2.5	25	39-44	394	265	1770
1x240	9.0	2.5	25	43-48	649	265	2189
1x400	9.0	2.5	35	49-54	1043	363	2918

Среднонапонски кабли 10, 20 и 35kV Електрични и механички карактеристики

КС–130-01- 00

СН кабли се во согласност со VDE 0276-620

Технички податоци:

- Номинален напон: U_o/U – 12/20, U max – 24 kV;
  U_o/U –20/35kV, U max – 42 kV
- Номинална струја = $I_{доз}$: е назначена вредност на дозволеното струјно оптоварување (вредностите за $I_{доз}$ се дадени во табелата подолу).

Номиналниот напон се обележува со U_0/U каде што:

- U_o номинален напон помеѓу проводникот и земјата,
- U номинален напон меѓу проводниците на фазите.

Во дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија се стандардизирани и ќе се употребуваат само долунаведените типови и пресеци на кабли:

Тип и пресек на кабел	Материјален број
NA2XS(F)2Y 1x 50 RM/25 12/20 kV	1010040020003
NA2XS(F)2Y 1x150 RM/25 12/20 kV	1010040020001
NA2XS(F)2Y 1x240 RM/25 12/20 kV	1010040020002
NA2XS(F)2Y 1x400 RM/35 12/20 kV	1010040020004
NA2XS(F)2Y 1x150 RM/25 20/35 kV	1010040010002
NA2XS(F)2Y 1x240 RM/25 20/35 kV	1010040010001
NA2XS(F)2Y 1x400 RM/35 20/35 kV	1010040010003

Техничка спецификација: ТС ЕВН Македонија 03-1/02

Електрични карактеристики за 20kV кабел тип: NA2XS(F)2Y..1x... RM/

пресек	R 20^{0}C	XL	C	$I_{доз}$ за воздух (30^{0}C)	$I_{доз}$ за земја (20^{0}C)	Струја на куса врска I_{kv} -1s
mm^2	(Ω/km)	(Ω/km.)	(nF/km)	(A)	(A)	(kA)
150	0,206	0,131	0,174	366	319	14,1
240	0,125	0,122	0,206	496	417	22,6

400	0,0778	0,112	0,251	660	535	37,6

Електрични карактеристики за 35kV кабел тип: NA2XS(F)2Y..1x... RM/

пресек	R 20^{0}C,	XL	C	$I_{доз}$ за воздух (30^{0}C)	$I_{доз}$ за земја (20^{0}C)	Струја на куса врска I_{kv} -1s
mm^{22}	(Ω/km)	(Ω/km.)	(nF/km)	(A)	(A)	(kA)
150	0,211	0,121	0,254	367	320	14,1
240	0,130	0,112	0,304	496	422	22,6
400	0,085	0,103	0,368	659	541	37,6

каде што: RM - повеќежичен округол пресек на јадрото

Пресметката за струјното оптоварување (во табелите) е направена во согласност со VDE 0276-620 за променливо оповарување на каблите и врз основа на следниве податоци:

- длабочина на положување во земја: 70 cm
- специфичен топлински отпор на земјата: 1 °K • m/W
- температура на земјата: 20 °C
- температура при полагање на кабел во воздух: 30 °C

Механички карактеристики:

- Температура на експолатација: од -30 °C до 50 °C
- Температура на полагање: се препорачува да не е пониска од -5^{0}C
- Дозволена работна температура: 90 °C при континуирана работа,

Означување на каблите:

CH - кабли се означуваат според Стандардот VDE 0276-620, како што е илустрирано во следната табела:

Стандард	Краток опис	Пример
VDE 0276-620	NA2XS(F)2Y 1x... RM/.. 12/20kV	NA2XS(F)2Y 1x150 RM/25 12/20 kV


каде што:

DIN VDE	**Значење**
N	Кабелот е во согласност со стандардите -DIN VDE
A	Проводниците се од алуминиум
2X	Умрежен полиетилен(XLPE)
S	Бакарен екран
(F)	Лонгитудинална (подолжна) водоотпорна бариера
2Y	PE-полиетилен (надворешна обвивка) (HDPE)
1	Едножилен кабел
RM	Округол повеќежичен проводник
/..	Пресек на екранот од бакарни жици (на пример 25 mm^2 Cu)


Особено е важно и треба да се внимава на тоа дека во сите случаи, каблите се обележани со:

- Ознака на производителот (лого),
- Ознака на типот на кабелот, напречниот пресек и номиналниот напон,
- Година на производство,
- Подолжно мерење (секој метар од кабелот е обележен).


01.01		Ровови (кабелски и други ископи)
01.01	01	Трасирање и изработка на ров без повторно полнење
01.01	01 A– C	Ширина b . длабочина t без повторно полнење
01.01	02	Ископи на ровови за поставување на заземјување со повторно затрупување



01.01 01 A– C
Ископ на ров без повторно полнење




01.01 02 A– C
Ископ на ров со повторно полнење




Ископ на ров со замена на материјал за полнење

EVN Makedonija AD	Mrezen inzenering	Standardizacija
crtez :	dwg no 001	Datum 17.05.2008

01.09	Материјал за полнење
01.09 05 0	Повторно полнење на канали/ровови
01.09 10 0	Песок за подлога 0-4мм
01.09 20 0	Дренажен чакал 16/32
01.09 25 0	Материјал за замена
01.09 30 0	Испорака и покривање со хумус
01.09 35 0	Испорака и покривање со глина или бентолит
02	Површини
02.01	Незацврстени површини
02.01.05 0	Отстранување на хумусот од работните површини и прекривање со хумус
02.01.10 0	Засејување на хумусираните површини




пример за ископ со три различни типа на материјал за полнење



Отстранување странично , складирање и повторно засејување хумусни површини

EVN Makedonija AD	Mrezen inzenering	Standardizacija
crtez :	dwg no 004	Datum 17.05.2008

02.02	Разбивање на зацврстени површини
02.02 05 0	Сечење на асфалтни , бетонски , мермерни и други камени покривки
02.02 10 A–E	
02.03	Возобновување
02.03 05 A–J	
03.01 05 A–B	Хоризонтално дупчење
03.01 10 A–0	Пробивање на бетонски ѕидови , одн. ѕидови од цигла , огноотпорни прегради и фундаменти




d - дополнителна ширина (заб) од асфалтот која се отстранува


разбивање асфалт (во m3)
h - длабочина која се пресметува

l - должина на засек (м)
t - длабочина на засек (цм)

$$1\ ПЕ = l \times t$$



02.02 05 0
приказ на засек на асфалтна или бетонска површина





02.02 10

разбивање калдрма (во m2)
h - длабочина која се пресметува


EVN Makedonija AD	Mrezen inzenering	Standardizacija
crtez :	dwg no 005	Datum 17.05.2008

08	Кабелски водови
08.01.	Положување на 20KV и 35KV водови
08.01.01	заедно со помошен материјал во ровови
08.01.01.A	
08.01.01B	Заштита на постоечки енергетски кабел
08.01 03 0	Кабелски ознаки
08.01 05 0	






распоред на едножилен кабел



приказ на заштита на кабел при вкрстување



EVN Makedonija AD	Mrezen inzenering	Standardizacija
crtez :	dwg no 006	Datum 17.05.2008

Кабел гарнитури 10, 20 и 35kV КС–210-01- 00
Кабелски завршници-глави

Во ЕВН Македонија се применуваат кабел завршници за внатрешна монтажа два типа и тоа:

- во топлособирачка техника и
- во ладнособирачка техника

Кабелските завршници се конструирани за монтажа внатре и надвор. за едножилни екранизирани кабли со вештачки материјал. Од што се направени и зошто се применуваат?

Сл.1 Составни делови на кабелска завршница



За приклучок на кабел од било кое напонско ниво потребно е да се заштити неговиот крај од навлегување на влага, разни нечистотии и од распоредот на електричното поле поврзано со парцијалните празнења.


ЕВН Македонија /09/2012

Кабел гарнитури 10, 20 и 35kV **КС–210-02- 00**
Кабелски завршници-глави

Затоа се изведува кабелска завршница. При изведување на кабелска завршница се обработуваат краевите на кабелот (се вади плаштот, бакарниот екран, набубрувачките траки, екранот на изолацијата, изолацијата, екранот на проводникоти дел од изолацијата). Оваа обработка зависи од тоа дали завршницата ке се монтира надвор или внатре.



Сл. 2 Изглед на кабловска завршница за внатрешна монтажа – топлособирачка техника



Сл. 3 Изглед на кабловска завршница за надворешна монтажа – топлособирачка техника - 10 kV
- бројот на шеширчиња (капи) во комплетот зависи од нивото на напонот на пример за 20kV – 3 капи, а за 35 kV – 4капи

Визуелен изглед на кабел завршници во топлособирачка техника


ЕВН Македонија /09/2012

Кабел гарнитури 10, 20 и 35kV **КС–210-04- 00**
Кабелски завршници-глави

Изолиран систем на адаптери-конектори за расклопни постројки изолирани со гас

Во ЕВН Македонија се стандардизирани штекери кои се употребуваат за спојување на кабли со изолација од вештачки материјал со SF6-изолирани разводни постројки или трансформатори. Електричниот спој, како што може да се види од слика 3, се остварува со приклучниот шраф и кабелската папуча на кабелската завршница.
Приказ на изолиран Т-адаптер е даден на слика 4 од каде што може да се види конструкцијата на адаптерот.

Конструкцијата на адаптерот за спојување на одводник на пренапон во основа е иста, со тоа што изолаторот од вештачки материјал поз. 2 слика 3 има еден додатен влез низ кој се приклучува одводникот на пренапон слика 5.




сл.3 Пресек на изолиран Т–адаптер


Сл.4 Пресек на изолиран рамен адаптер

Исто така на еден проводен изолатор има можност да се приклучат и два адаптери (конектори) (слика 6).

ЕВН Македонија /09/2012



сл.5 Т–адаптер за паралелно спојување со одводник на пренапон




сл.6 Двоен Т– адаптер

Кабел гарнитури 10, 20 и 35 kV
Кабелски спојници

КС–220-01- 00

Каблите со изолација од умрежен полиетилен (XLPE) се Кабелските спојници служат за спојување и наставување на кабли. Кабелските спојници, кои се употребуваат во ЕВН Македонија, се конструирани за едножилни екранизирани кабли од вештачки материјал. Во принцип тие се состојат од:



Сл.1 Пресек на кабелска спојница

1. Регулација на електричното поле
2. Надворешен полупроводнички слој
3. Бакарен екран
4. Надворешна цевка.

Во ЕВН Македонија се употребуваат кабелски спојници кои се изработуваат во топлособирачка и ладнособирачка техника.



Бетонско столбче-маркер

	Вид	Материјален број
1	Бетонско столбче-маркер 400mm.	010170020001

Дополнителна информација
Бетонски столбчиња со должина 400mm изработени од бетон, на горната потесна основа е бетонирана алуминиумска лимена плочка со натпис: „ EVN macedonia“


Дополнителен опис:
Бетонските столбчиња со должина 400mm и со лимена ознака со натпис „Енергетски кабел“, се користат за обележување на трасата на подземните кабли за низок и за среден напон во населени места и надвор од нив. Натписот е направен на алуминиумски лим кој е избетониран во потесната основа на бетонското столбче. На средината на алуминиумската плочка е направен отвор-мерна геодетска точка со која можат да се снимаат трасите на каблите. Бетонот од кој се излиени столбчињата е тип B 20, а алуминиумската плочка е со димензии 90x90x2mm.

Обележување на бетонските столбчиња: Бетонските столбчиња потребно е да се обележат со траен натпис „EVN macedonia “ , согласно со слика 2;

Пакување и испорака:
Бетонските столбчиња се пакуваат на палета, комплет формирани за вградување.

Слика 1

изглед на бетонско столбче – маркер
1. тело на бетонското столбче
2. алуминиумска плочка и ознака
3. мерна точка



Слика 2
Abbildung 2




Кабелски ознаки за обележување на кабли и изводи од мек ПВЦ

	Материјален број:
- **Кабелска ознака – бела**	**1010170020005**
- **Кабелска ознака – црвена**	**1010170020006**


Краток текст:
Кабелска ознака 250mm - бела
Кабелска ознака 400 mm - црвена.
Дополнителна информација
Кабелските ознаки за натписи од мек PVC-материјал се изработуваат во две бои и тоа: **БЕЛА** со димензии 250x20x1.5 mm која се користи за обележување на **НИСКОНАПОНСКИ** кабли и **ЦРВЕНА** со димензии 400x20x1.5 mm која се користи за обележување на **СН**-кабли (1 или 3 жилни), со вкупен пречник до околу 110 mm.
Кабелските ознаки се користат за обележување на каблите во секоја прилика, тие се поставуваат на почеток и на крај на изводите, во секој кабелски-разводени и мерен орман и на секои 2 метри в'долж трасата на кабелот. Поставувањето на овие ознаки за новите проекти треба да се врши од страна на фирмата која за Нас ги изведува работите, а за тоа постои и позиција во ценовникот.
Прилог:
Цртеж и начин на испишување на ознаките:

Кабелската ознака - БЕЛА




Место за впишување на потребните податоци за изводот и типот на кабелот

Кабелската ознака - ЦРВЕНА




Пример за испишување на податоци:


Предна страна од кабелската ознака - БЕЛА




Задна страна од кабелската ознака - БЕЛА



Предна страна од кабелската ознака - ЦРВЕНА



Задна страна од кабелската ознака - ЦРВЕНА



- Доколку должината на изводот не е позната не треба да се впишува.

На овие ПВЦ ознаки се пишува со тенок црн водоотпорен фломастер.

	Вид	Материјален број
1	Кабелски штитник 250x1000 mm, PE	1010170020004
2	Кабелски штитник 250x1000 mm, PVC	1010170020003

Краток текст на образложението (60 знаци):
Кабелски штитници 250x1000 mm.

Ознака на материјалот (макс. 2 x 100 знаци)


Каб. штитници 250x1000mm, од PE или PVC, црвени, натпис: „Внимание!!! Енергетски кабел на ЕВН Македонија“ со црна боја на горната страна во насока на подолжната оска, и лого на „ЕВН Македонија“.
НАПОМЕНА: во моментов за потребите на ЕВН Македонија се набавуваат само ПВЦ кабелски штитници.

1. Опис:
Кабелските штитници 250x1000 mm, со профилна форма, со „додаток“ за подолжна врска, се користат за покривање на кабли за низок и за среден напон во населени места и надвор од нив. Потребно е да се отпорни на влага, киселина, корозија, алкална земја, стареење итн. Особено треба да се внимава на правилното поставување на пластичните кабелски штитиници поради натписот.

2. Конструкција на пластичните кабелски штитници:
Изработени од полиетилен (PE) со дебелина околу 2,5 mm, широчина од 250 mm и должина од 1000 mm или од тврд PVC со дебелина од околу 2,0 mm, широчина од 250 mm и должина од 1000 mm. Бојата на пластичните кабловници е црвена.

3. Обележување на пластичните кабелски штитници:
Потребно е да се обележат пластичните кабелски штитници со траен натпис „Внимание!!! Енергетски кабел на ЕВН Македонија”, писмо Ариел 48 болдирано и со логото на „ЕВН Македонија”, писмо Ариел 110; двата натписа треба да се испишат со воочлива црна боја.

Слика 1. Изведба на пластични штитници за кабел, профил на штитникот (изгледот на приклучниот дел може да варира во зависност од тех.решение на производителот)



	Вид	Материјален број
1	Предупредувачка трака за кабли 100x0,25мм, 250м	1010170020002

Краток текст на образложението (60 знаци):
Предуп. трака за кабли 100x0,25мм, 250м.

Ознака на материјалот (макс. 2 x 100 знаци)
Предупред. трака за кабли 100x0,25x250м. од ПЕ, црвена боја, со натпис:„Внимание Енергетски кабел“ со црна боја, преку целата должина и лого на фирмата „ EVN Macedonia “ .

1 ролна трака = 250m

Дополнителен опис:
Предупредувачка трака за обележување на калебски водови за низок и за среден напон во населени места и надвор од нив. Таа треба да одговара на следниве барања:

- **Конструкција на траката:**
  Изработена од полиетилен (ПЕ) со дебелина 0.25 mm, широчина 100 mm и должина од 250м. Боја на траката – црвена. Траката треба да биде намотана на ролни од по 10 kg.

- **Обележување на траката:**
  Траката потребно е да се обележи со траен натпис Внимание!!! (писмо Ариел 48) Енергетски кабел (писмо Ариел 30)”, масно (болдирано) и со логото на „EVN macedonia”; двата натписа треба да се испишат со воочлива црна боја (види слика).

Пакување и испорака:
Предупредувачката трака се пакува во ролни сместени во полиетиленска фолија. На фолијата треба да бидат наведени името или логото на производителот на производот (испораката) – број на ролни, тежина и должина на секоја ролна.

Слика 1

